РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 12-2585/3
20.04. 2015 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

# Интерна процедура за реализација на проектот: "Достапна администрација за лица со хендикеп"

Скопје, април 2015 година

Член 1

Со оваа процедура се пропишува начинот на обезбедување на достапност на услугите во администрацијата за лицата со инвалидност, начинот на комуникација со лицата со инвалидност, обврските на одговорното лице за комуникација со лицата со инвалидност и евидентирање на дадените услуги во институциите во рамките на проектот "Достапна администрација за лица со хендикеп"

Член 2

Целта на проектот "Достапна администрација за лица со хендикеп" е создавање на услови во државните и јавните институции и нивните подрачни единици за лицата со инвалидност при остварување на нивните граѓански права и обврски, односно, полесен пристап до информации и услуги во одредена институција.

Член 3

Во секоја државна и јавна институција се назначуваат одговорни лица и нивни заменици кои се одговорни за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации, нивните права и обврски во одредената институција.

Одговорните и назначените лица задолжително ја поминуваат обуката реализирана од страна на ЈУ Завод за социјални дејности.

Преку обуката лицата стекнуваат знаења за правата на лицата со инвалидност согласно националната и меѓународната легислатива, начини за надминување на стереотипите, предрасуди и дискриминација на лицата со инвалидност, видови на бариери со кои се соочуваат лицата со инвалидност, основни карактеристики на лицата со инвалидност и начини на комуникација согласно видот и степенот на инвалидноста

Обуките се реализираат согласно Програмата за проектот "Достапна администрација за лица со хендикеп" и информативниот материјал "Кодекс на однесување кон лицата со инвалидност", изготвени од ЈУ Завод за социјални дејности.

Одговорните лица и нивните заменици добиваат сертификат за завршена обука за проектот "Достапна администрација" издаден од Министерството за труд и социјална политика и Завод за социјални дејности.

**Член 4**

Податоците за назначеното лице се јавно објавени и достапни за лицата со инвалидност (име и презиме на лицето, установа, e-mail адреса и контакт телефон).

Секоја институција ги објавува и ги прави достапни податоците за назначеното лице и неговиот заменик во рамките на институцијата на својата веб страница и на огласната табла на установата.

**Член 5**

Лицата кои се назначени и нивните заменици мора да бидат постојано достапни, во секое време од работниот ден, и во зависност од потребите на лицето со инвалидност, неговите способности и можности да ги превземат сите потребни активности за реализирање на нивните барања во институцијата.

Одговорните лица и нивните заменици во зависност од потребите на лицето со инвалидност може да воспостават директна комуникација, преку електронска пошта или телефон.

При комуникацијата со лицето со инвалидност да ги имаат во предвид насоките за комуникација содржани во *Кодексот за однесување кон лицето со инвалидност*.

Одговорните лица и нивните заменици преку процесот на организациско учење должни се да го пренесат стекнатото знаење на останатите вработени во институцијата.

Одговорните лица и нивните заменици се должни по остварувањето на граѓанските права, обврски и услуги на лицата со инвалидност, да ја пополнат *Листата за следење на бројот на инвалидни лица кои побарале асистенција при остварување на своите права*, содржаан во Програмата за проектот "Достапна администрација за лица со хендикеп"

На ниво на институција одговорните лица и нивните заменици изготвуваат извештаи (годишни и 6 месечни) за реализирање на правата, обврските и услугите на лицата со инвалидност.

**Член 6**

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

МИНИСТЕР,

Nurhan Izairi

Изготвил:Гоце Ставрев
Согласен:Билјана Тешева Ѓоргиевска
Тодор Ѓорговски

Odобрил :д-р Соња Лепиткова, државен секретар